Уп. Бр. 08-139/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24) а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЦП Спрус Холдингс, С.Ц.Сп (CP Spruce Holdings, S.C.Sp), со регистрирано седиште на 2 авенија Шарл де Гол, Л-1653, Луксембург, доставено преку адвокатско друштво Поленак од Скопје, адвокат Методија Велков од Скопје, на седницата одржана на ден 20.11.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ЦП Спрус Холдингс, С.Ц.Сп (CP Spruce Holdings, S.C.Sp), со регистрирано седиште на 2 авенија Шарл де Гол, Л-1653, Луксембург, има намера да стекне контрола над Вантив Хелт ЛЛЦ., со седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, Вантив Мексико ЛЛЦ, регистрирано седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, Гамбро Ринал Продуктс, Инц. со регистрирано седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, РТС Ворлдвајд Холдингс Инц., со регистрирано седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, Вантив Холдинг Б.В. со регистрирано седиште на Кобалтвег 49, 3542 ЦЕ Утрехт, Холандија, Вантив Хелт ГмбХ, со регистрирано седиште на Тхургауерстрассе 130 Глатпарк (Опфикон), Цирих 8152, Швајцарија, и Вантив Холдинг Лимитед, со регистрирано седиште на 4 кат, Ст Паул’с Гејт, 22-24 Њу Стрит, Ст Хелиер, Џерси, ЈЕ1 4ТР, Каналски Острови, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 15.10.2024 година, а дополнето на 17.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна ЦП Спрус Холдингс, С.Ц.Сп, со регистрирано седиште на 2 авенија Шарл де Гол, Л-1653, Луксембург, со која ЦП Спрус Холдингс, С.Ц.Сп, има намера да стекне контрола над Вантив Хелт ЛЛЦ., со седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, Вантив Мексико ЛЛЦ, регистрирано седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, Гамбро Ринал Продуктс, Инц. со регистрирано седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, РТС Ворлдвајд Холдингс Инц., со регистрирано седиште на Уан Бакстер Парквеј, Дијрфиелд, ИЛ, 60015, САД, Вантив Холдинг Б.В. со регистрирано седиште на Кобалтвег 49, 3542 ЦЕ Утрехт, Холандија, Вантив Хелт ГмбХ, со регистрирано седиште на Тхургауерстрассе 130 Глатпарк (Опфикон), Цирих 8152, Швајцарија, и Вантив Холдинг Лимитед, со регистрирано седиште на 4 кат, Ст Паул’с Гејт, 22-24 Њу Стрит, Ст Хелиер, Џерси, ЈЕ1 4ТР, Каналски Острови.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЦП Спрус Холдингс, С.Ц.Сп,** е друштво за посебна намена, претставено од неговиот генерален партнер ЦП VIII Парицепатионс С.а.р.л., приватно друштво со ограничена одговорност од Луксембург со седиште на 2 авенија Шарл де Гол, Л-1653, Луксембург и регистриран во луксембуршкиот трговски и регистар на компании, кое е индиректно контролирано од зависни друштва на Карлајл Груп Инц. (Карлајл Груп Инц. заедно со контролираните фондови и зависни друштва во натамошниот текст како „**Карлајл**“).

Карлајл е глобален менаџер на алтернативни средства, кој управува со фондови кои инвестираат на глобално ниво во три инвестициски дисциплини:

Глобален приватен капитал (вклучувајќи корпоративен приватен капитал, недвижен имот и фондови за природни ресурси);

Глобален кредит (вклучувајќи ликвидни кредити, неликвидни кредити и кредити за реални средства); и

Инвестициски решенија (програма за приватен капитал на фондови, кои вклучуваат примарни фондови, секундарни и поврзани соинвестициски активности).

Карлајл има 3 (три) регистрирани зависни друштва во Северна Македонија:

- Друштво за производство, трговија и информатички услуги ДЕПТ ТЕХНОЛОЦИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.13-

кат 3/Б.Ц. Настел, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, ЕМБС 6594131 и приоритетна дејност 62.01 – Компјутерско програмирање (“**ДЕПТ ТЕХНОЛОЏИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**”).

- Друштво за трговија и услуги ХСО ГЛОБАЛ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.13-1-4/згр.1 К.К2, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, ЕМБС 7311346 и приоритетна дејност 62.02 – Компјутерски консултантски дејност (“**ХСО ГЛОБАЛ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје**”).
- Друштво за развој и производство на софтвер МАК СИСТЕМ СОФТВЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Лондонска бр.1, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, ЕМБС 6541003 и приоритетна дејност 62.09 – Останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите (“**МАК СИСТЕМ СОФТВЕР ДООЕЛ Скопје**”).

**Вантив** е одделот за нега на бубрези на Бакстер Интернешнл Инц. („**Бакстер**“). Вантив е првенствено активен во снабдувањето со производи за ренална заместителна терапија (“**RRT**”).
RRT производите се користат за лекување на пациенти кои страдаат од краен стадиум на бубрежни заболувања („**ESRD**“), што е најтешка форма на бубрежна инсуфициенција. Бубрежна инсуфициенција се јавува кога бубрезите не ја филтрираат крвта, што резултира со таложење на отпад и токсини во крвотокот.

Дејностите на Вантив имаат две примарни поделби:

Хронични терапии, составени од портфолио производи за перитонеална дијализа („**PD**“) и Хемодијализа („**HD**“) и

Акутни терапии („**AT**“) кои се состојат од континуирана ренална заместителна терапија („**CRRT**“)и други терапии за поддршка на органи кои се користат во единицата за интензивна нега („ICU“).

За комплетноста, „дијализа“ се однесува на третман кој има за цел да ги замени аспектите на бубрежната функција кај луѓе чија бубрежна функција е неуспешна (HD и PD се два модалитети на дијализа).

Вентив ќе биде составен од следните друштва:

- **Вантив Хелт ЛЛЦ** - холдинг друштво со ограничена оперативна дејност.

- **Вантив Мексико ЛЛЦ** - холдинг друштво за субјекти оперативни во Мексико.

- **Гамбро Ринал Продуктс, Инц-** холдинг друштво за интелектуална сопственост.

- **РТС Ворлдвајд Холдингс Инц.** - холдинг друштво за субјекти кои работат со клиники за дијализа надвор од САД и технички операции во САД.

- **Вантив Холдинг Б.В.** -холдинг друштво за оперативни и неоперативни субјекти надвор од САД.

- **Вантив Хелт ГмбХ чија цел** е производство, развој, увоз, извоз, купување, продавање, лиценцирање, промет, дистрибуирање, обезбедување, поправка, инсталирање, програмирање и одржување во негово име и за негова сметка, или како претставник за продажба или комисионер/трговец, на производи за здравствена заштита, фармацевтски производи, медицински помагала и сродни терапии, производи и услуги.

- **Вантив Холдинг Лимитед**, е холдинг друштво без оперативна дејност.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**